**21** Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се дадените две теми. **13 поени**

Избери <u>една тема</u> и:

- напиши текст од 350 до 500 зборови;
- почитувај ги правилата за композицијата на текстот (воведен дел, главен дел на темата, заклучок);
- почитувај ги правилата на стандардниот јазик;
- мислите искажи ги јасно и поврзано со употреба на факти и аргументи;
- употреби соодветена лексика и стил во согласност со видот на текстот кој го пишуваш.

1

Претставувањето на општеството во книжевните дела од реалистичката епоха

(делата на Оноре де Балзак и/или Ф.М. Достоевски)

Исконската потреба да се прикаже општеството, онакво какво што навистина е, се рефлектирала и на полето на литературата. Вистинските мајстори на уметничкото перо, втиснале длабоки траги во светската книжевност, со кои дефинитивно го одбележале почетокот на еден нов правец. Реализмот како литературна епоха, само ја разгори идејата да се фрли еден објективен поглед врз општеството и истото да се отпечати на парче хартија. Доста умешно, книжевните великани проникнале низ психата и духот на општествените слоеви, претточувајќи ги во едни вечни, типизирани ликови, кои живеат низ страниците на фасцинантните дела, кои сами по себе пленат со својата вредност. Пленат со својот критички дух; со жестокиот протест на писателот, кој се осмелил да му суди на едно „болно“ општество со сите негови недостатоци.

Впрочем, безвременските ремек-дела „Чичко Горио" и „Злосторство и казна", одлично отсликуваат две навидум различни општества.

Сиромашниот пансион во делото на Балзак, ни ја прикажува мрачната страна на „градот на светлината". Секој потстанар со своја животна цел, но сите ги спојува едно подло однесување, заслепеноста од лажниот отсјај на златото... Секој понесен од ниски желби, верувајќи во еден лажен морал, не ги препознава вистинските вредности. Соодветен пример ни се трите сижејни линии во делото.

Младичот, кој не бира начин за да влезе во „кремот" на Париз, робијашот кој крие „ниски" цели и живее манејќи и чичкото Горио кој гори од копнеж по татковска љубов. Горио верува дека парите можат да ја купат љубовта на инженерните ќерки, чии желби отсекогаш биле негов животен приоритет. Неговиот живот завршува трагично, без капка нежност, близкост, а со погазени вредности на семејниот алтруизам. Ликовите, до самиот крај на делото, тонат надолу во гнасната тиња на разорното општество. Очигледно тие „не научиле да си ги измијат рацете, откако добро ќе се најадат".

Од друга страна, пак Достоевски јасно ни прикажува како парите се движечка сила и на руското општество. Безнадежниот студент Расколников си ја запечатува сопствената судбина со едно грозоморно дело. Живее заносно од некоја сопствена теорија за

„обични и необични" луѓе, па и такви „волци" кои само му наштетуваат на општествениот ред. Откако ќе ги изврши убиствата, тој е тотално растроен, отуѓен, нанесувајќи си ја себеси најтешката казна која му ја гризе душата, а која не може да му ја пресуди ниту едно општество. Сфаќа дека единствено вербата во Бога, може да го избави од таквиот безизлез.

Всушност, ние сме среќни што можеме да им се восхитуваме на едни вакви безвременски дела. Толку извонредни описи, толку длабоки филозофии остануваат врежани во свеста на читателот. Што е човекот? Постои ли богатство на светот вредно за душевни страдања? Осуден ли е човекот да живее во постојана беда? Остануваат прашањата да лебдат во воздух...

448

433

**21** Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се дадените две теми.
Избери <u>една тема</u> и:
- напиши текст од 350 до 500 зборови;
- почитувај ги правилата за композицијата на текстот (воведен дел, главен дел на темата, заклучок);
- почитувај ги правилата на стандардниот јазик;
- мислите искажи ги јасно и поврзано со употреба на факти и аргументи;
- употреби соодветена лексика и стил во согласност со видот на текстот кој го пишуваш.

13 поени

2

Гледајќи кон напред, да ја изградиме иднината.

Животот е полн со изненадувања, пресврти, подвизи и падови. Сите ние се соочуваме со многубројни проблеми во овој живот. Но секој од нас треба да ја препознае светлата точка, и да продолжи со кренатата глава нанапред. Проблемите се дел од нашиот живот, па така ~~ние ги~~ секој од нас треба да го ослободи лавот од себе и да се бори за подобро утре. Уште во далечното минато ни е познато дека македонскиот народ никако не се откажал, ниту во најтешките мигови за денес ние да имаме подобра иднина. Ако сме свртени само кон минатото односно назад, дали чекориме кон подобра иднина? - Секако дека не, така само стоиме во место. Познавам случај, семејно насилство, каде што постојано владееше хаос, психичко малтретирање, а во ретки случаеви и физичко. Петчлено семејство кое навидум на прв поглед изгледа среќно, но всушност во безизлезна ситуација. Жената беше жртва



01010111

на психичко малтретирање а трпеше дечиња
неретко и физичко. Сепак жената беше
ентузијаст и се надеваше дека утре ќе биде
подобро, но сепак како одминуваше времето
ситуацијата постојано се влошуваше.
Тешко, но сепак вистинито. Жената реши да
превземе други мерки со што сега дури
е и член во здружението за семејно насилство,
и помага на многу фамилии. ~~В~~ Во животот
секогаш треба да не води убава мисла,
мисла која ~~ве~~ ќе ни помогне да ја изградиме
иднината. Без разлика колку црно минато,
или тешки моменти имаме зад нас,
и сме свесни за тоа но треба да се трудиме
да чекориме напред. Во овој живот треба да
знаеме да ги распознаваме малите нешта
кои што не исполнуваат, оние работи за кои
вреди да се ризикува. ~~■~~ Секогаш треба да се
бориме за да ги оствариме нашите замисли и
цели во животот. Работите кои не прават
среќни се насекаде околу нас, само треба да
се научиме да ги уживаме, а не да бараме ~~т~~
~~да се~~ совршенството во големите работи. 308
Млади сме, и полни со живот, имаме многу
планови многу цели кои допрва треба да
ги посегнеме, а дотогаш да уживаме во
моментите кои ни ги нуди животот,

бидејќи она што моментот може да го донесе, неможе ни целиот живот. Само така ќе успееме да го изградиме подобра иднина.

3

353



01010111